Република Северна Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр. 02-242/12 17.06 2025г.

Republic of North Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel., факс/fax: ++389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk WEB: http:/www.nuub.mk

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18 и 265/24), член 21 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 97/20), член 21 и 23 точка 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр.167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23),, а во согласност со член 12 став 2 точка 14 и 18 од Статутот на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола бр. 01-240/1 од 23.06.2015, бр. 02-42/3 од 29.01.2018, бр. 02-147/4 од 30.05.2019 и бр. 02-135/4 од 15.04.2022, директорот донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по објавен јавен оглас 01/2025 година

1. По јавниот оглас 01/2025 за вработување на 1 (еден) Библиотекар – Стручен соработник во Информации во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, објавен на 16.05.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", од предложената ранг листа се избира најдобро рангираниот кандидат:

Александра Талеска

2. Со избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука да се склучи договор за вработување на неопределено работно време по конечноста на одлуката.

3. Со одлуката за избор на кандидатот по објавениот оглас да се известат сите кандидати кои се пријавиле на огласот.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### *О б р а з л о ж е н и е*

На 16.05.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" беше објавен јавен оглас 01/2025 за вработување на 1 (еден) Библиотекар – Стручен соработник во Информации во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола.

Во врска со наведениот оглас Комисијата за спроведување на постапката за вработување, формирана со Решение бр. 04-242/6 од 03.06.2025 година по спроведената постапка за селекција на ден 04.06.2025 година ги разгледа поднесените пријави на

кандидатите. Согласно член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор се утврди при проверката на документите дека недостасуваат некои од доказите и во рок од 3 дена се побара од кандидатите да ги комплетираат документите.

По комплетирањето на документите, Комисијата за спроведување на постапка за вработување ги разгледа уште еднаш поднесените и дополнети пријави на кандидатите и кандидатите со уредна документација беа повикани на интервју на ден 12.06.2025 година во 08:30 часот во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

По извршената селекција и спроведеното интервју, Комисијата изготви ранг листа на кандидати за горенаведеното место и истата беше доставена до директорот.

Директорот за горенаведеното работно место изврши избор и го избра најдобро рангираниот кандидат како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола со потпишување на договор за вработување по конечноста на одлуката.

Правна поука: Незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Управниот одбор при Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола
Директор

м-р Емилија Стефановска Давкова